Предлог

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23, став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25) и и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 68-та седница одржана на ден __.09.2025 година донесе

**ОДЛУКА**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на одржувањето на „Фестивалот на велешка пита и вино“ во Општина Велес.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти кои работат на подрачјето на Општина Велес, за време од два часа од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од два часа, важи од 10.10.2025 година до 12.10.2025 година, по повод одржувањето на манифестацијата „Фестивал на велешка пита и вино“.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Општина Велес во својата Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2025 година има предвидено организација на манифестација „Фестивал на велешка пита и вино“.

Согласно член 23, став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25): „Советот на општината, односно Советот на градот Скопје, за одредени туристички, културни и друг вид манифестации, содржани во годишните програми, можат да го продолжат работното време најмногу за два часа, за угостителските објекти, но во времетраење најмногу до три дена“.

Согласно горенаведеното, се предлага донесување на оваа одлука, со цел да се овозможи на сите угостителски објекти кои функционираат на подрачјето на Општина Велес да го продолжат своето регистрирано работно време за период на одржување на оваа културна манифестација најмногу до три дена.